Grant Thornton

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ГРАНТ ТОРНТОН ДОО
Бр. 0302-264/01
08.03. 20 16 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 09.03.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0503 | 848/18 | 6 изл / 1 | 1 |

До:
Агенција за електронски комуникации

Комисија на АЕК

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
Republic of Macedonia

T +389 2 3214 700
F +389 2 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

Датум: 8 март 2016 година

Предмет: Доставување на извештаи

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме по четири примероци од ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за електронски комуникации и Фондот за универзална услуга при Агенцијата за електронски комуникации.

Ве молам да ни доставите назад по еден потпишан ревидиран извештај.

Со почит,

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Г-ѓа Сузана Ставриќ
Партнер

Grant Thornton

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 09.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0503 | 848/18 | | / |

# Финансиски извештаи и

# Извештај на независните ревизори

## Агенција за електронски комуникации, Скопје

31 декември 2015 година

## Членови на Комисија на Агенција за електронски комуникации, Скопје

Гордана Клинчарова, Претседател
Петар Есмеров, Член
Славе Веловски, Член
Горан Велинов, Член (од 16 февруари 2015 година)
Дешира Имери, Член (од 8 февруари 2016 година)
Газменд Ајдини, Член (до 7 февруари 2016 година)

## Директор

Роберт Орданоски (до 30 ноември 2015 година)
в.д. Директор Владимир Ристески (од 30 ноември 2015 година)
Сашо Димитријоски ( од 1 февруари 2016 година)

# Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 |
| Биланс на состојба | 4 |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Извештај за промени во изворите на деловните средства | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7 |

Grant Thornton

# Извештај на независните ревизори

**Grant Thornton DOO**
Sv. Kiril I Metodij 52b/1-20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 2 3214 700
F +389 2 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Основачот на

Агенција за електронски комуникации, Скопје

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Агенција за електронски комуникации, Скопје, ("АЕК" или "Агенцијата") составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2015 година и Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните од 4 до 17.

### *Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Агенцијата со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Агенцијата. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

*Основи за мислење со резерва*

Како што е објавено во белешка 5 кон придружните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2015 година, пресметаните трошоци и останати побарувања вклучуваат побарувања од вработени во износ од 5,858 илјади денари. Овие побарувања се однесуваат на исплатени нераздолжени аванси за службени патувања и извршени плаќања со бизнис картички направени во тековната година од страна на вработени и органи на управување, за кои нам не ни беше доставена достатна и соодветна поткрепувачка документација. Истите не се признаени како расходи во тековниот биланс на приходи и расходи, што не е во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации. Следствено, на 31 декември 2015 година побарувањата од вработени и органи на управување се натценети, додека тековните расходи се потценети за 5,858 илјади денари, соодветно.

Дополнително, согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија, нераздолжените аванси и плаќањата за репрезентација можат да ја зголемат даночната основа за пресметка на данок на добивка за 2015 година. Поради природата на сметководствената евиденција на Агенцијата, ние не бевме во можност да го утврдиме даночниот ефект на нераздолжените аванси и исплатите за репрезентација за годината која заврши на 31 декември 2015.

Понатаму, несоодветниот третман на нераздолжените аванси за службени патувања, како и плаќањата за репрезентација направени во тековната година, влијае и на објективноста, комплетноста и точноста на Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план за 2015 година, кој, согласно Законот за електронските комуникации, Агенцијата е должна да го достави до Собранието на Република Македонија.

*Мислење со резерва*

Наше мислење е дека, освен за ефектите од прашањата дискутирани во пасусот "Основа за мислење со резерва", финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата на ден 31 декември 2015 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации.

*Нагласок врз одредени прашања*

Како што е објавено во белешка 4 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2015 година, побарувањата од купувачи изнесуваат 157,129 илјади денари (2014: 190,407 илјади денари). Вклучени во овие побарувања се наоѓаат тужени побарувања и дадени побарувања за наплата пред нотар во вкупен износ од 102,992 илјади денари (2014: 159,308 илјади денари), за кои постои значителна неизвесност во поглед на нивната наплатливост и остварување на потенцијални приходи. Најголемиот дел од овие побарувања во износ од 88,788 илјади денари се однесуваат на побарувања од Т-Мобиле АД, Скопје за дополнително фактурирани побарувања за годишен надоместок за радиофреквенции за 2005 година.

Како што е понатаму објавено во белешка 6 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2015 година, побарувањата по депозит во висина од 50,000 илјади денари, се однесуваат на пласиран наменски депозит во Експорт Импорт Банка АД, Скопје - во стечај по одлука на Владата на Република Македонија, за кој постои значителна неизвесност во поглед на неговата наплатливост и остварување на потенцијални приходи. Побарувањето е пријавено во стечајната маса од страна на Управата за телекомуникации Скопје, чиј правен наследник е Агенцијата. Стечајната постапка во Експорт Импорт Банка АД, Скопје - во стечај е сеуште во тек.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на горенаведените прашања.

Скопје,
4 март 2016 година

Грант Торнтон доо, Скопје

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Управител
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ

# Биланс на состојба

| | Белешка | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| | | | (Во илјади денари) |
| | | | На 31 декември |
| **Средства** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 3 | 67,116 | 121,076 |
| Побарувања од купувачи | 4 | 157,129 | 190,407 |
| Пресметани трошоци и останати побарувања | 5 | 43,883 | 50,149 |
| Побарувања за данок на добивка | | - | 3,596 |
| Побарувања за дадени аванси и депозити | 6 | 50,863 | 51,760 |
| | | **318,991** | **416,988** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства | 7 | 1,240,129 | 1,309,527 |
| | | **1,240,129** | **1,309,527** |
| **Вкупно средства** | | **1,559,120** | **1,726,515** |
| **Обврски и извори на деловни средства** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 8 | 26,917 | 38,364 |
| Обврски за данок на добивка | | 17,686 | - |
| Останати обврски | 9 | 22,424 | 17,881 |
| | | **67,027** | **56,245** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Однапред пресметани обврски и приходи | 10 | 249,485 | 358,263 |
| | | **249,485** | **358,263** |
| **Вкупно обврски** | | **316,512** | **414,508** |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | | 1,204,660 | 1,274,059 |
| Ревалоризациона резерва | | 35,469 | 35,469 |
| Резервен фонд | | 2,479 | 2,479 |
| | | **1,242,608** | **1,312,007** |
| **Вкупно обврски и извори на средства** | | **1,559,120** | **1,726,515** |

Овие финансиските извештаи се одобрени од Раководството на Агенцијата за електронски комуникации на 19 февруари 2016 година и потпишани во негово име од:

**Владимир Велковски**
Раководител на финансии

**Сашо Димитријоски**
Директор

# Биланс на приходи и расходи

| | Белешка | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| | | | (Во илјади денари) |
| | | | За годината што заврши |
| | | | На 31 декември |
| **Тековни приходи** | | | |
| Приходи од услуги | 11 | 521,816 | 671,510 |
| Камати и курсни разлики | 12 | 3,360 | 42,507 |
| Останати приходи | | 3,622 | 2,597 |
| | | **528,798** | **716,614** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Капитални расходи | 13 | (75,375) | (393,201) |
| Пренесени средства на други субјекти | 14 | - | (42,093) |
| Расходи за вработените | 15 | (129,546) | (111,180) |
| Програмски расходи | 16 | (382,090) | (203,091) |
| | | **(587,011)** | **(749,565)** |
| **Загуба пред оданочување за годината** | | **(58,213)** | **(32,951)** |
| Даночен расход | 17 | (21,283) | (1,863) |
| **Кусок на приходи над расходи за годината** | | **(79,496)** | **(34,814)** |

# Извештај за промени во изворите на деловните средства

(Во илјади денари)

| | Деловен фонд и ревалоризациона резерва | Резервен фонд | Вкупно извори на деловни средства |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2015** | **1,309,528** | **2,479** | **1,312,007** |
| Набавки на материјални и нематеријални средства | 69,674 | - | 69,674 |
| Расходувани материјални средства | (245) | - | (245) |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (138,828) | - | (138,828) |
| Ревалоризација на материјални средства | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **1,240,129** | **2,479** | **1,242,608** |
| | | | |
| **Состојба на 01 јануари 2014** | **1,253,354** | **2,479** | **1,255,833** |
| Набавки на материјални и нематеријални средства | 202,984 | - | 202,984 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (146,862) | - | (146,862) |
| Ревалоризација на материјални средства | 52 | - | 52 |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **1,309,528** | **2,479** | **1,312,007** |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1 Општи информации

Агенцијата за електронски комуникации, Скопје ("АЕК" или "Агенцијата") е основана со Законот за електронски комуникации во 2005 година (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), како независно непрофитно регулаторно тело во областа на електронски комуникации и има статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон. Во матичниот регистар е запишана со регистарска влошка бр. 01/1-70638-0-0-0 од 24 јуни 2005 година. Во Централниот Регистар на Република Македонија АЕК е запишана под ЕМБС 06005284. Седиштето на АЕК се наоѓа на Кеј Димитар Влахов бр. 21 Скопје, Република Македонија. Република Македонија е основач на Агенцијата, а основачките права во поглед на имотот и средствата за работа ги има Собранието на Република Македонија. Имотот и средствата за работа ги користи и со нив управува Агенцијата.

Приоритетната дејност на АЕК е со шифра 61.90 Други телекомуникациски дејности. АЕК има цврсто дефинирани цели кои треба да се постигнат и при тоа е насочена кон постигнување на целите на конкурентен пазар во кој ќе се создадат услови за крајните корисници да ги користат електронските комуникациски услуги со најдобар квалитет и по најповолни цени. АЕК во работењето и донесувањето одлуки е независна од било кој државен орган или тело кое обезбедува електрокомуникациски мрежи и/или услуги при регулација на пазарите на електронски комуникации. Агенцијата во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка со целосна одговорност и за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Работењето на АЕК поблиску се уредува со Статутот на Агенцијата.

Врз основа на Законот за електронски комуникации, член 8 (Службен весник на РМ 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15) и Статутот на АЕК член 7 ( бр.1102-22/6 од 15.12.2014), АЕК ги извршува работите од својот делокруг во согласност со Законот и прописите донесени врз негова основа, како и врз основа на националната стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатички технологии, други стратешки документи, акциони планови од областа на електронските комуникации, медиуми и меѓународни договори од областа на електронските комуникации кои ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Општи информации (продолжува)

Органи на управување на АЕК се Комисијата и Директорот. Комисијата се состои од 5 члена вклучувајќи го и претседателот и заменикот на претседателот и истата ја именува и разрешува Собранието на РМ на предлог на Комисија за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Својата работа Комисијата ја врши врз основа на утврдените овластувања во Законот за електронски комуникации. Со АЕК раководи Директор кој се именува од страна на Комисијата по пат на јавен конкурс. Директорот раководи со Агенцијата и е одговорен за законското работење. Именувањето, надлежностите и разрешувањето на Директорот се врши согласно Законот за електронски комуникации.

Почнувајќи од 1 февруари 2016 година, за Директор на Агенцијата е назначен г-дин Сашо Димитријоски со одлука на Комисијата од 29 јануари 2016 година.

Работењето на Агенцијата се финансира од:

- Средства остварени од приходите од надоместоците предвидени со Законот за електронски комуникации; и
- Донации, давање во закуп на слободен деловен простор на Агенцијата, заеми и друга финансиска и техничка помош.

Нереализираните средства од годишниот финансиски план на Агенцијата од претходната година се пренесуваат во годишниот финансиски план за наредната година.

Согласно Законот за електронски комуникации, член 26, став 23 (Службен весник на РМ 39/14 и 188/14, 44/15 и 193/15) до денот на започнување со примена на Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14 и 199/14) и Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 48/15 и 154/15) за вработените во Агенцијата важат општите одредби за работни односи. Со состојба на 31 декември 2015 година Агенцијата има 134 вработени (2014: 137 вработени).